# МЕМОРАНДУМ ЗА РАЗБИРАЊЕ

**Помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција**

**во врска со формирање на**

**Управувачки комитет за економска соработка**

Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Грција, во натамошниот текст "Страните",

Посакувајќи да ја подобрат и олеснат економската соработка на двете земји во рамките на Акцискиот план за забрзување и подобрување на соработката помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија согласно Договорот од Преспа, и особено Поглавјето 5 (б) од Акцискиот план, се согласија за следното:

**Член 1**

Со цел унапредување на економското партнерство, Страните формираат Управувачки комитет за економска соработка (во натамошниот текст: Управувачки Комитет).

**Член 2**

Управувачкиот комитет се состои од 18 членови.

Секоја од Страните номинира девет членови во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој Меморандум за разбирање преку писмено

известување испратено до другата страна. Најмалку три членови ќе бидат од редот на претставниците на Владите и најмалку пет членови ќе бидат институционални претставници на приватните сектори на секоја од Страните.
Со Управувачкиот комитет ќе копретседаваат Замениците на претседателите на Владите или Министрите на Владите задолжени за економски работи.

**Член 3**

Управувачкиот комитет ќе ја координира билатералната економска соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, ќе го надгледува постигнатиот напредок, ќе расправа и ќе согледува нови идеи и иницијативи, ќе расправа за заеднички прифатливи решенија и ќе поднесува предлози поврзани со економски прашања од заеднички интерес на Заедничкиот Министерски Комитет формиран согласно членот 14 точка 9 од Договорот од Преспа и до Владите на двете држави.

**Член 4**

Управувачкиот комитет ќе поттикнува поблиска соработка помеѓу Стопанските комори на двете земји.

**Член 5**

Управувачкиот комитет ќе донесе Деловник за работа со кој ќе се уредат сите прашања поврзани со работата на Комитетот.
Деловникот за работа ќе се донесе на првата седница на Управувачкиот комитет.

**Член 6**

Првата седница на Управувачкиот комитет ќе биде свикана од страна на Заменик преседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој Меморандум за разбирање.

**Член 7**

Овој Меморандум за разбирање може да биде изменет со заедничка писмена согласност на Страните. Секоја измена ќе влезе во сила во согласност со членот 8 од овој Меморандум.

**Член 8**

Овој Меморандум за разбирање ќе влезе во сила на датумот на размена на последното писмено известување со кое страните се известуваат меѓусебно, во писмена форма и преку дипломатски пат, за завршувањето на сите внатрешни процедури потребни за негово влегување во сила и ќе остане на сила на неопределено време. Секоја од Страните може да го раскине овој Меморандум преку писмено известување доставено до другата Страна. Во овој случај Меморандумот ќе се смета за раскинат во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето.

Склучен во Скопје, на 02 април 2019, во два оригинални примероци на англиски јазик.

| | |
|---|---|
| За Владата на<br>Република Грција<br>Јанис Драгасакис | За Владата на<br>Република Северна Македонија<br>д-р Кочо Анѓушев |
| Заменик претседател и Министер<br>за економија и развој | Заменик претседател на Владата<br>задолжен  за економски прашања и за<br>координација со економските ресори |